**MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA**
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-191/**

# З А П И С Н И К

**Од 174.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 11.01.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Марјан Цветковски-Директор на МРТ и Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 174.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 173.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација за новонастанатата ситуација со вработените лица преку авторски договори во ЈРП МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 173.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 173.седница на Програмскиот совет на МРТ.

По расправата записникот од 173.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

По извршеното гласање се констатира дека записникот од 173.седница е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Информација за новонастанатата ситуација со вработените лица преку авторски договори во ЈРП МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја отвори расправата по оваа точка и му даде збор на Директорот на МРТ.

Директорот на МРТ Марјан Цветковски на почетокот посочи дека Програмскиот совет на МРТ нема никаква надлежност да расправа по оваа тема, бидејќи ваквите предмети се исклучива надлежност на Директорот на МРТ, притоа додавајќи дека е збунет зошто толку некој чуствува потреба да проблематизира се што се случува во МРТ, кога ова исто прашање ни се наметнува десетина години наназад, и секогаш се поклопува да се случи во месец јануари.Директорот на МРТ во продолжение пред присутните потсети дека МРТ во моментов не му должи по основ на авторски договор на никому,и во моментов нема пристигнато ниту едно барање од одговорен уредник или одговорно лице во МРТ за потпишување на нов авторски договор, и на крај договорот со агенцијата преку која ги исплаќаме авторските договори има уште мал износ на средства, и затоа има распишано јавна набавка за нова агенција, и кога ќе биде завршена процедурата околу јавната набавка ќе потпишеме нов договор со нова агенција за авторски договри.

Директорот уште еднаш истакна дека не е направен никаков пропуст или повреда на процедура,и притоа посочи дека не е никаде законски или со некој подзаконски акт утврдено дека некој треба да има секој месец константно авторски договор,туку најпрвин мора за тоа да се случи да има предходно барање од одговорен уредник или одговорно лице, и на крај директорот како раководно лице за водење на деловната политика на куќата го има последниот збор дали со некое лице ќе биде склучен таков договор или не.

Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија зема збор и истакна дека според негови сознанија за конкретнава ситуација се работи за околу 60 лица претежно новинари кои произведуваат програма за програмските сервиси во МТВ,и токму поради тоа оттука се црпи и нашата надлежност како Програмски совет за точката на дневен ред.

Заменик претседателот Ведат Мемедалија кажа дека од излагањето на Директорот на МРТ може да се заклучи дека или процедурата во спроведување на јавната набавка за избор на агенција за авторски договори е проблем, или одговорните уредници се криви што не поднеле барање за склучување на авторски договори,исто така истите тие лица беа принудени во последниот месец да потпишат договор за декември месец на 6000 денари, и на крај беше и ветено од менаџментот на МРТ дека нема повеќе да се потпишуваат договори “месец за месец“ туку на повеќе месеци.

Ведат Мемедалија на крај со прашање кој е одговорен за ваквата ситуација дали Менаџментот на МРТ поради немањето на јавна набавка за авторска агенција или пак одговорните уредници и одговорните лица во МРТ што немаат доставено барања за склучување на авторски договори?

Директорот на МРТ одговори дека прво колку одговорниот уредник или одговорното лице ќе предвиди средства на толку се потпишува авторскиот договор, но тоа во иднина ќе мора да го измениме со некој нов подзаконски акт,бидејќи одговорните уредници не следат колку пари има до крај на јавната набавка, па со оглед на тоа да знаат колку средства им остануваат за договори, и токму поради ова најмногу се случуваат вакви ситуации.

Директорот на МРТ исто така појасни дека тоа што беше ветено околу рокот на склучување на договорите од наша страна е испочитувано, и договорите на дописниците во МРТ се склучени на рок од 6 или 8 месеци,ние немаме законско ограничување за колкав временски период некој ангажиран ќе го изврши авторското дело, а одговорноста за ненавремено поднесување на барање за распишување на јавна набавака е кај тој што го поднесува барањето за потпишување на договор за јавна набавака, а во овој случај тоа се одговорните уредници на МТВ,односно сите одговорни уредници,затоа што тие се баратели на договор за јавна набавка за агенција за исплаќање на авторски договори.
Анита Латифи побара збор и на почетокот истакна дека Директорот на МРТ мора да се преиспита околу надлежноста на Програмскиот совет а во врска со прашањето кое го дискутираме како точка на дневен ред.Ние како совет потенцираше Анита реагираме за новинари кои создаваат програма во МТВ, и ако тоа на нас како тело не ни е во надлежност тогаш имаме реален проблем со директорот околу нашите надлежности.
Анита во делот на тоа дека уредниците треба да ги следат средтствата во јавната набавка кажа дека тие не можат и не требаат да следат финансии за јавни набавки-дали и каде се потрошиле,туку средствата од јавните набавки ги следи менаџментот и раководните лица поставени од директорот, и проблемот треба да се бара кај нив а не кај уредниците.
Исто така продолжи Анита јас пак не разбрав кој е виновен доколку директорот потпишува се како што потпишува менување на планови за вработување,зошто тогаш тој ја посочува вината кај уредниците за оваа ситуација,и исто така непродолжувањето на авторските договори се додека нема нови вработувања ќе биде проблем за програмата во МТВ, односно штом тие луѓе биле во МРТ толку години значи дека тие биле потребни за програмата, и не може директорот сам да одлучува да не им ги продолжи договорите.
Директорот на МРТ одговори дека излагањето на Анита е паушално,вадење од контекст и тотална невистина,и во продолжение појасни дека надлежност законска советот нема, факт е и тоа дека нема распишано јавна набавка,но мора да се потенцира дека имало вакви исти случаи и порано се повторувале, но симптоматично е тоа што сега се проблематизираат истите.Директорот уште еднаш вети дека ќе се реши ова прашање за најкус можен рок.но сепак останува дека процедурата е јасно утврдена кој поднесува барање за јавна набавка и тоа е точно дека не е направено.
Снежана Клинчарова прво го посочи проблемот со Законот за јавни претпријатија односно дека треба да донесе посебен закон специјален за МРТ, вака со постојниот закон МРТ е во куп со сите останати јавни претпријатија во државата, и оттука инспекциите на Министерството за труд се приморани да ја мониторираат МРТ по тој закон за јавни претпријатија и не ги интересира друг закон,и второ околу креативното работење на креативните кадри во МРТ и државните службеници имаме мешање на овие две категории и има проблем како да се измери трудот на новинарите, но едно е јасно дека и едните и другите мора да бидат присутни физички на своето работно место во МРТ, а тоа секако треба да го реглуираат и контролираат нивните одговорни уредници.
Ристе Панов во врска со надлежноста истакна дека надлежноста на советот во поглед на авторските права е ограничена, бидејќи ние како тело одлучуваме по жалби на вработени и по решенија на Директорот на МРТ како второстепен орган, како друга надлежност ни се документите кои се носат во МРТ, како што се систематизација на работни места,внатрешна организација,колективен договор и сл.
Ангажирањето на вработени преку авторски договори продолжи Ристе е во надлежност на Директорот на МРТ, и тој според потребите одлучува дали ќе ангажира или нема да ангажира вработени со авторски договор врз основа на член 130 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и затоа ние како совет врз основа на нашата надлежност што се однесува на програмата и исполнување програмските обврски изразена во член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, може да дискутираме единствено дали со намалувањето на обемот на ангажман на лица преку авторски договори се влијае на програмските обврски.

Директорот на МРТ Марјан Цветковски истакна дека иако е јасно дека Програмскиот совет на МРТ нема надлежност по ова прашање,го слушнав ваше и ја разбирам загриженоста на членовите на советот, и сакам да ветам дека оваа ситуација ќе се разреши, и после месец февруари каде што ќе има барање од уредниците за потпишување на договори на подолг рок ќе се потпишат, исто така утврдена е аномалијата дека одговорните уредници не се во можност и не се стручни да го следат реализирањето на договорт на јавна набавка и затоа ќе се обидеме да го кренеме на друго ниво да се следи и да ги инфомрираат на месечно ниво уште колку средства остануваат и тука ќе се затвори целата ситуација.

**ТОЧКА3:Разно.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на Новогодишната програма на МТВ 1, со забелешка дека истата по трет или четврт пат беше од серијата „Преспав“ комплетно пресликан концепти од минатите години, и еден дел беше дури и реприза од пред две години па добро би било да добиеме информација зошто е тоа така.

Претсадателката информираше дека на другите регионални јавни сервиси Новогодишните програми беа далеку поквалитетни од нашата.

На Новогодишнта програма на МТВ имаше музика на плејбек, пееја глумци а не пејачи,песните беа од светска, а не од македонска продукција и без изведба од музичари и нова продукција на музика.Целата програма немаше никаков македонски белег.

За разлика од МТВ програмата на РТС се одвиваше паралелно во барем 5-6 градови од Србија,во секој град имаше цел оркестар по 4 водители и барем по 5-6 пејачи, и се изведуваше српска народна музика во современа продукција.

ХРТ имаше друг вид на музикка,посличен како МТВ, но квалитетот беше многу над нашата програма, со музика иведувана од оркестар,квалитетни пејачи итн.

Ако немаме средства за секојдневна квалитетна програма од балканско ниво, мислам дека за Новогодишната програма требаше да се посвети поголемо внимание и да се направи нешто повеќе на таа тема.

Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека за прв пат имаме огромен број на мејлови дека сме имале многу добра Новогодишна програма на МТВ, заедно со играниот филм „Тома“ и „Преспав“ имаат најпозитивни критики,репризите се после 12:05 часот и тоа неколку нумери.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател